УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА
Примено 25.08.2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08-868/4

Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола
Примено 27-08-2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08-285/2

Бр. 08-135/6
19.08. 21 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство /во меѓународен промет академски студии назив: Master of computer science and communication engineering, module Computational engineering.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно математички науки, 2 Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 110 Информатика, 212 Компјутерска техника и информатика
Научно – истражувачка област: 11000 - 11010, 21200 - 21208.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 12 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука 14-893/11-4 од 28.06.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма програма „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 135/1 од 04.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 135/3 од 07.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски